РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ

| Примено: 15. 10. 2010 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 3465/1 | | |

Архивски знак 0705
Рок на чување трајно
15.10.2010 год.

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа (,,Службен весник на Република Македонија” бр. 58/00, 44/02 и 82/08) и член 31 од Законот за основно образование (,,Службен весник на Република Македонија” бр. 103/08, 33/10 и 116/10), министерот за образование и наука ја утврди наставната програма по предметот ***удирачки инструменти*** за III одделение на шестгодишното основно музичко образование.

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

# НАСТАВНА ПРОГРАМА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# УДИРАЧКИ ИНСТРУМЕНТИ

ОСНОВНО МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, 2010

ШЕСТГОДИШНО ОСНОВНО МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

## Вовед

Ударните инструменти започнуваат да се изучува во II (второ) одделение со наполнети 8-10 години, а наставата трае 5 учебни години. Се изучуваат четири главни ударни инструменти: мал барабан (добош), ксилофон, тимпани, вибрафон, и тоа по следниов редослед:

- во II година: мал барабан и ксилофон (маримба)
- во III година: мал барабан, ксилофон и тимпани (маримба)
- во IV, V и VI година: мал барабан, ксилофон, тимпани и вибрафон (маримба)

Во текот на целото школување ученикот/ученичката треба да добие основни знаења и информации од областа на многу други ударни инструменти (триангл, дајре, конги, бонгоси, чинели, комплет тапани и др.), и да ги применува во различни ситуации на музицирање од типот на камерна музика, заедничко вежбање и сл.
Целта за изучувањето на ударни инструменти е кај учениците да им се развиве љубов и интерес кон ударните инструменти и да ги оспособува за изразно солистичко, камерно и оркестарско музицирање. Да се развива естетското вреднување и емоционално доживување на музичките дела каде ударните инструменти имаат доминантна улога или како пратечи инструменти во одредени композиции.

Часовите се одржуваат по принцип на индивидуална настава.

- Број на неделниот фонд е 2 часа по 30 минути, односно годишен фонд од 72 часови.
- Статус на предметот: задолжителен

## 1. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО (II –VI одделение )

Ученикот/ученичката:

- да објаснува за основните карактеристики на ударните инструменти;
- да се приспособува за мелодиско и ритмичко читање и свирење на нотен текст (правилно метричко броење);
- да објаснува за изразните можности на инструментите;
- да демонстрира убав тон при свирењето;
- да покажува правилен начин на свирење на скали;
- да дискутира за правилна стилска интерпретација на музиката;
- да развива музичката меморија;
- да препознава нотен текст, музички термини и ознаки;
- да развива способност за прецизно штимање на инструментот и интонирање на тонска висина;
- да репродуцира нотен текст (ритмички и мелодиски);
- да го развива внатрешниот слух;
- да се приспособува за за работа во дует и во поголем состав за заедничко музицирање;
- да развива љубов кон класичната музика;
- да создава навика за посета на концерти, оперско-балетски претстави, други музички манифестации;

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО (III одделение )

Ученикот/ученичката:

- да објаснува за инастументите мал барабан ,ксилофон (маримба) и тимпани;
- да објаснува за основните каракеристики на инструментот;
- да развива интерес кон инструментот;
- да се приспособува за правилно држење на телото при свирењето;
- да се приспособува за свирење мелодии и песни со разновидна ритмичко-мелодиска линија;
- да развива способност за доживување и изразување на музиката;
- да го развива музичкиот вкус и критичкото мислење;
- да дискутира за истакнати музички уметници и творци во земјата и странство;
- да се приспособува за демонстрирање на чиста интонација;
- да развива љубов кон класичната музика;
- да создава навика за тимската работа;
- да создава навика за посета на концерти, оперско-балетски претстави, други музички манифестации;

- да ги разбира и прифаќа правилата на однесувањето во индивидуалните и во колективните музички активности;
- да се оспособува за доживување на убавото во музиката;
- да се оспсобува за формирање на работната култура;
- да ги проценува сопствените вредности како и вредностите на другите;

## 3. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| Тема I - Мал барабан и поставување на ученикот -МАЛ БАРАБАН | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br><br>-да развива основна техника на свирење на Вирбл<br><br>- да се приспособува за правилно изведување на акценти<br><br>-Да постигне пристојна координација на рацете за време на изведување на парадидлите И дуплите удари во умерено темпо<br><br>-да ги совлада единечниот и двојниот пред-удар | -Рудиментарни технички вежби за мал барабан:<br>- Дупли удари од лева и од десна рака;<br>- Парадидл (четири вида) од лева и од десна рака.<br>-координација на лева и десна рака(4+4удари)како подготовка за вирбл | Парадидл(четири вида)<br>Дупли удари<br>Вирбл<br>Акцент<br>Единечен пред-удар<br>Двоен пред-удар | -Самоконтрола при седење со укажувања на наставникот за погрешни покрети.<br>- Работа на секоја рака посебно за покомплетен увид во совладувањето акценти и вирбл.<br><br>МЕТОДИ<br>- монолошка;<br>- дијалошка;<br>- опсервација;<br>- споредба:<br>- демонстративен метод |

| Тема II - **Технички вежби -- МАЛ БАРАБАН** | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>-да развива техника на свирење на инструментот (да постигне добра координација на двете раце, стабилен ритам, добар тон на инструментот, чисти нотни вредности, стабилна динамика, добра артикулација). | - рудиментарни технички вежби:<br>- дупли удари<br>- парадидли - четири вида етиди<br>-технички вежби за вирбл<br>-четвороделни удари (4+4) | Артикулација<br>Дупли удари<br>Парадидл<br>-четвороделни удари(4+4)<br>-вирбл<br>- Единечен пред-удар<br>-Двоен пред-удар | - анализа на техничката вежба преку разговор<br><br>МЕТОДИ<br>- монолошка;<br>- дијалошка;<br>- опсервација;<br>- споредба:<br>- демонстративен метод;<br>- метод на обиди и грешки. |

| Тема III - **Етиди- МАЛ БАРАБАН** | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот /ученичката:<br>-да ја развива синхронизацијата на двете раце;<br>-да демонстрира етиди во зададено темпо;<br>-да ја развива музичката меморија;<br>-да го развива чуството за метроритмичка пулсација и темпо. | -Етиди со различен карактер и во различен метар и динамика | Етида<br>Артикулација<br>Метрика<br>Темпо<br>4/4 2/4 3/4 6/8 5/8 7/8 9/8<br>-Акценти<br>-Вирбл<br>-Единечен пред-удар<br>-Двоен пред-удар | Заедничко вежбање (унисоно свирење на два истоветни или различни инструменти)<br>МЕТОДИ<br>- монолошка;<br>- дијалошка;<br>- опсервација;<br>- споредба:<br>- демонстративен метод;<br>- метод на обиди и грешки. |

| Тема IV - РИТМИКА- МАЛ БАРАБАН | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката:<br>- да разликува дводелен, троделен метар и нерамноделен метар<br><br>- да ги препознава нотните вредности и вредностите на паузите; | - Неправилни тактови: пет, седум и девет осмински/четвртимски метар<br><br>-шеснаестина нота<br>-шеснаестина пауза<br>-такт (5/8, 7/8, 9/8) | -шеснаестина нота<br>-шеснаестина пауза<br>-такт (5/8, 7/8, 9/8) | - свирење на вежби со комбинации од различни нотни вредности, при што се внимава на правилна распределба на рацете(палките) |

| Тема V - Композиции со клавирска придружба - МАЛ БАРАБАН | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученик/ученичката<br><br>-да го развива уметничкиот израз при интерпретацијата на зададените музички дела;<br>-да ги демонстрира различните стилски карактеристики на зададените музички дела;<br>-да се приспособува за усовршување на прецизна изведбата. | Композиции со клавирска придружба | Корепетиција<br>Пијано<br>Пиеса<br>Комад<br>Композиција | Проби со пијано придружба<br><br>Метод на демонстрација,<br>Монолошки метод,<br>Дијалошки метод<br>Метод на споредба,<br>Метод на обиди и грешки.<br>Посетување на концерти.<br>Слушање на музика.<br>Учествување на јавни часови, концерти и натпревари. |

| Тема I : СКАЛИ - КСИЛОФОН | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката:<br><br>- да демонстрира свирење на скали во две октави во осминиски и шеснаестински нотни вредности во умерено темпо | Свирење скали:<br><br>D-dur / h-moll<br>A-dur / fis- moll<br>B-dur / g-moll<br>Es-dur / c-moll | Скали<br>Дурска<br>Молска<br>Природна<br>Хармонска<br>Мелодиска<br>Разложен тризвук и<br>четиризвук | Свирење на скали во две октави во осмини и шеснаестини ноти<br><br>Метод на демонстрација,<br>Монолошки метод,<br>Дијалошки метод<br>Метод на споредба, |

| Тема II - **Технички вежби - КСИЛОФОН** | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката:<br>-да се приспособува за прецизна изведба на пасажи и секвенци;<br>-да демнострира етиди во зададено темпо. | Технички вежби со пасажи<br><br>Технички вежби со секвенци | Артикулација<br>Координација<br>Секвенци<br>Интервали<br>пасажи | Едноставнипасажи, кратки секвенци(до октава).<br>Се свираат во бавно и умерено темпо.<br><br>МЕТОДИ<br>- демонстративена;<br>- монолошка;<br>- дијалошка;<br>- опсервација;<br>- споредба:<br>- метод на обиди и грешки. |

**Тема III: РИТМИКА - КСИЛОФОН**

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| Ученикот/ученичката:<br><br>- да совлада акцент, синкопа и легатура | Нотни вредности:<br>-шеснаестина нота<br>-шеснаестина пауза<br>-такт (2/4, 3/4, 4/4 и 6/8) | Легатура<br>Акцент<br>Синкопа<br>Шеснаестина нота<br>Шеснаестина пауза | Свирење на вежби со комбинации од различни нотни вредности, при што се користат легатура, акценти и синкопа во различни метрики: 2/4, 3/4, 4/4 и 6/8.<br><br>Метод на демонстрација,<br>Монолошки метод,<br>Дијалошки метод<br>Метод на споредба, |

**Тема IV: Композиции со клавирска придружба - КСИЛОФОН**

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| Ученикот/ученичката<br><br>-да го развива уметничкиот израз при интерпретацијата на зададените музички дела;<br>-да ги демонстрира различните стилски карактеристики на зададените музички дела;<br>-да се приспособува за усовршување на прецизна изведбата. | Композиции со клавирска придружба | Корепетиција<br>Пијано<br>Пиеса<br>Комад<br>Композиција | Проби со пијано придружба<br><br>Метод на демонстрација,<br>Монолошки метод,<br>Дијалошки метод<br>Метод на споредба,<br>Метод на обиди и грешки.<br>Посетување на концерти.<br>Слушање на музика.<br>Учествување на јавни часови, концерти и натпревари. |

# ТИМПАНИ

| Тема I - Запознавање со инструментот тимпани и правилно поставување на ученикот - ТИМПАНИ | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката:<br>-да ги препознава деловите на инструментот тимпани;<br>-да ги именува деловите на инструментот тимпани;<br>-да ги идентификува деловите на инструментот;<br>-да објаснува за палките;<br>-да ги именува типовите на палките;<br><br>- да се приспособува за правилно седење и држење на телото;<br>- да демонстрира правилно седење со исправено тело, спуштени раменици, со симетрична положба на рацете под агол во ширина на обрачот на тимпани;<br>- да се приспособува за правилно користење на конвенционален грип (држење на палиците);<br>- да се приспособува за артикулација - работа со зглобовите на рацете како правилен начин на егзекуција на тонот без стегање на палиците и телото. | Запознавање со инструментот–тимпани<br><br>-Технички вежби за ослободување на десна и лева рака<br>-Правилно поставување и држење на десна и лева рака<br><br>-Рудиментарни технички вежби за тимпани:<br>- Наизменични удари од лева и од десна рака;<br>- Дупли удари од лева и од десна рака;<br>. | Тимпани<br>Обрач<br>Мембрана ( кожа )<br>Палица<br>Поставка<br>Удар<br>Звук и тон<br>Артикулација<br>Грип (фат или начин на држење)<br>Парадидл(четири вида)<br>Дупли удари<br>Штимање<br>Педал за Штимање<br>Глисандо | -Правилно поставување на ученикот при седење.<br><br>-Демонстрирање на правилен начин на седење на столчето и држење на телото, правилно држење на палиците и артикулација на зглобовите, и начинот на изведување на ударот.<br>-Самоконтрола при седење со укажувања на наставникот за погрешни покрети.<br>- Презентирање на разни асоцијации со цел побрзо да се запомни вистинскиот грип (пример: положба на рацете слична на држење гидан од велосипед и сл.).<br>- Работа со зглобови без палица со цел да се подобри артикулацијата.<br>- Работа на секоја рака посебно за покомплетен увид во совладувањето на поставката.<br><br>МЕТОДИ<br>- монолошка;<br>- дијалошка;<br>- опсервација;<br>- споредба:<br>- демонстративен метод |

| Тема II - **Технички вежби - ТИМПАНИ** | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката:<br>-да развива основна техника на свирење на инструментот (да постигне добра координација на двете раце, стабилен ритам, добар тон на инструментот, чисти нотни вредности, стабилна динамика, добра артикулација) и штимање. | -Основните рудиментарни технички вежби:<br>- наизменични удари<br>- дупли удари | Артикулација<br>Координација<br>Наизменични удари<br>Дупли удари<br>Штимање | - анализа на техничката вежба преку разговор<br>-демонстрирање со свирење за добра артикулација на зглобовите со израмнет висок замав на палиците и егзекуција на ударите во една точка на мембраната.<br>-Да се постигне што поизрамнета динамика на сите овие технички вежби<br><br>МЕТОДИ<br>- монолошка;<br>- дијалошка;<br>- опсервација;<br>- споредба:<br>- демонстративен метод;<br>- метод на обиди и грешки. |

| Тема III - **Етиди - ТИМПАНИ** | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученик/ученичката<br>-да го памти нотниот текст на зададените етиди;<br>-да ја развие техниката на свирење на инструментот (метрика, ритмика, динамика)<br>-да се приспособува за прецизна изведба;<br>-да ја развива синхронизацијата на двете раце;<br>-да демонстрира етиди во зададено темпо;<br>-да ја развива музичката меморија;<br>-да го развива чуството за метроритмичка пулсација и темпо. | -Етиди со различен карактер и во различен метар | Етида<br>Артикулација<br>Метрика<br>Ритмика<br>Динамика<br>Темпо<br>Цела нота, половина нота, четвртина нота, осмина нота, триола,шеснаестина нота, пауза<br>4/4 2/4 3/4 6/8 5/8 7/8 9/8<br>Пунктирани ноти<br>Легатура<br>Синкопа<br>Силно време, слабо време<br>Штимање | Заедничко вежбање (унисоно свирење на два истоветни или различни инструменти)<br><br>МЕТОДИ<br>- монолошка;<br>- дијалошка;<br>- опсервација;<br>- споредба:<br>- демонстративен метод;<br>- метод на обиди и грешки. |

| Тема IV: РИТМИКА - ТИМПАНИ | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката:<br><br>- да развива чувство за ритам;<br>- да се приспособува да применува рамномерна пулсација;<br>- да покажува правилно броење и тактирање;<br>- да развива чувство за дводелност и триделност;<br>- да разликува дводелен и троделен метар;<br><br>- да разликува различно траење на тоновите во музиката;<br>- да ги препознава нотните вредности и вредностите на паузите;<br>- да ги користи нотните вредности и вредностите на паузите;<br><br>- да го препознава тактот во нотниот текст;<br><br>- да се приспособува за ритмичко читање на нотниот текст;<br>- да развива способност за прецизно изведување на ритамот; | - Рамномерна пулсација<br>- Дводелност (броење еден-два) и триделност (броење еден-два-три)<br><br>- Траење на тоновите<br><br>- Нотни вредности:<br>цела нота<br>половина нота<br>четвртина нота<br>осмина нота<br><br>цела пауза<br>половина пауза<br>четвртина пауза<br>осмина пауза<br><br>- такт (2/4, 3/4 и 4/4 )<br><br>- Ритмичко читање на нотен текст (парлато) | -пулсација<br><br>- цела нота<br>- половина нота<br>- четвртина нота<br>- осмина нота<br><br>- цела пауза<br>- половина пауза<br>- четвртина пауза<br>- осмина пауза<br><br>- такт (2/4, 3/4 и 4/4 )<br><br>-парлато | - свирење на цели, половини и четвртини осмини и шеснаестини ноти и истовремено броење на глас<br><br>- свирење на вежби со комбинации од различни нотни вредности, при што се внимава на правилна распределба на рацете(палките)<br><br>- свирење на пократки нотни вредности<br>- Совладување на нотните вредности и паузи преку слики и апликации.<br><br>- Воочување на тактот врз основа на зададениот материјал за 2-делност и 3-делност .<br>- Читање на зададениот материјал со тактирање.<br><br>- Свирење на елементарни ритмички модели (запишани на една линија) на инструментот – ритмички. Пред да се отсвири, моделот може да се изговори парлато на неутрален слог ,,та" со тактирање. |

| Тема V - Композиции со клавирска придружба (ТИМПАНИ) | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученик/ученичката<br>-да го памти нотниот текст на зададените композиции;<br><br>-да го развива уметничкиот израз при интерпретацијата на зададените музички дела;<br>-да ги демонстрира различните стилски карактеристики на зададените музички дела;<br>-да се приспособува за усовршување на прецизно штимање. | **Композиции со клавирска придружба** | Корепетиција<br>Пијано<br>Пиеса<br>Комад<br>Композиција | Проби со пијано придружба<br><br>Метод на демонстрација,<br>Монолошки метод,<br>Дијалошки метод<br>Метод на споредба,<br>Метод на обиди и грешки.<br>Посетување на концерти.<br>Слушање на музика.<br>Учествување на јавни часови, концерти и натпревари. |

## 4. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ:

- *препораки за користење на годишниот фонд на часови* (ориентационо планирање на наставните часови по наставни теми и целини);
  - тема I - **Запознавање со инструментот тимпани и правилно поставување на ученикот** 5 часови;
  - тема II - **Скали** 12 часови;
  - тема III - **Технички вежби** 30 часови;
  - тема IV - **Етиди** 15 часови;
  - тема V - **Композиции со клавирска придружба** 10 часови;

- *наставни средства:*
  - Инструменти (мал барабан, ксилофон и тимпани )
  - палици за мал барабан; палици за ксилофон и палици за тимпани;
  - учебници по избор на наставникот;
  - посета на концерти и други музички манифестации;
  - Интернет, образовни софтвери;
  - списанија;
  - аудио-визуелни средства.

**Користена литература:**
**- мал барабан:**

Ch. Villcoxon "Rudiments" 1 книга
Добри Палиев "Систематичен курс за ударни инструменти"
Jozef Tuzar "Етиди за добош"
Hans Fon Moisi „Техника н Добри Палиев "Систематски курс за мал барабан"
Добри Палиев "Букварче за мал барабан"
Hans Fon Moisi „Техника на барабаните„а барабаните„
В. Снегирев „Етиди за мал барабан„
В. Осавчук „Етиди за мал барабан
Добри Палиев "Пиеси за мал барабан" 1 дел
John O'Reilly "Solos for the percussion player"
Carol Barratt "Bravo! Percussion"

**-ксилофон**
Dobri Paliev “Букварче за ксилофон”
Небојша Ј. Живковиќ “Funny Mallets Serie: Funny xylophone” I i II
Dobri Paliev “Систематски курс за ударни инструменти”
John O’Reilly “Solos for the percussion player”
Carol Barratt “Bravo! Percussion” II книга
Les Claviers a Percussion parcourent le Monde (Keyboards malletts around the world volume 1)
Транскрипции за темперирани удирачки инструменти од повеќе автори

**- тимпани**
Добри Палиев "Букварче за тимпани"
H.Knauer “ Etidi za timpani”
John O’Reilly “Solos for the percussion player”
Carol Barratt “Bravo! Percussion” I книга
Транскрипции за тимпаниод повеќе автори

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

-Постигањата на учениците се оценуваат континуирано во текот на целата година. Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за учење, соработката со другите и сл.
Наставникот ја оценува способноста на ученикот за аналитички приод во изучувањето на дадените музички дела; техниката на изведбата на дадените музички дела и нивната уметничка интерпретација. За секое тримесечје се добива оцена на поминатиот материјал, според критериумите за оценувањена учениците по овој предмет. Оценувањето се врши со помош на континуирано следење на напредувањето на ученикот на редовните часови, јавни часови и настапи, концерти, натпревари и годишни испити по инструментот.
Ученикот кој ќе покаже незадоволителни резултати во поглед на техничко-уметничка интерпретација на музичките дела, и нема да го реализира предвидениот задолжителен материјал по предметот, се упатува на поправен испит.

**Годишен испит во јуни**
**Една ритмичка етида од наведената литература**
**Две кратки композиции (пиеса или комад) од наведената литература**

**- Оценувањето е описно со краток опис.**

## 6. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА НАСТАВНИТЕ ПРОГРАМИ

Целите и задачите на наставниот предмет ударни инструменти ќе се реализираат во кабинет за индивидуална настава, опремен со потребните наставни и нагледни средства, според нормативот за музичкото училиште.

## 7. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Завршен VII/1 степен, факултет за музичка уметност, насока ударни инструменти.
Наставникот треба да има стекнато педагошко-психолошка и методска подготовка и положен стручен испит.

## 8. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Ученикот треба да е правилно поставен, правилно да седи или стои во зависност од инструментот, правилно да држи палици, да се поседува пристоен тон и тајминг (прецизна ритмика и чувство за темпо) на инструментот и успешно да ја совлада наставната програма во согласност развојните карактеристики на ученикот..

**Изготвил:** работна група формирана со решение бр. 02-1219/1 од 9.04.2010 година,

координатор Анкица Витанова, советник во Бирото за развој на образованието

**Контролирал:** д-р Насе Кондовски, раководител на одделение во Бирото

**Одобрил:** м-р Митко Чешларов, раководител на сектор во Бирото.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
КАБИНЕТ НА МИНИСТЕРОТ
Бр. 07-6471/6
15. 10. 2010 год.
СКОПЈЕ

## 9. ПОТПИС И ДАТУМ НА УТВРДУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по предметот ***удирачки инструменти*** за III одделение на шестгодишното основното музичко образование на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди:

На ден 15. 10. 2010
Скопје

**Министер**

**Никола Тодоров**